Дневни билтени



Извадок на дел од дневни настани 29.10.2019

На 28.10.2019 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го привеле И.А.(30) од Скопје, затоа што при претрес во неговиот дом во населбата Чаир, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2019 во 04.10 часот на Граничниот премин Делчево, на влез во Р.С.Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа-лична карта" и „употреба на исправа со невистинита содржина" бил приведен Ц.Т.(41) од Р.Романија, по што бил предаден во Полициската станица Делчево за понатамошна постапка.

На 28.10.2019 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола на пешаци, кои прават прекршоци во сообраќајот. Притоа, биле откриени **25** прекршоци, од кои **осум**во Велес, **четири** во Кавадарци и **13** во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 28.10.2019 во 08.35 часот на регионалниот пат Гостивар - с.Градец се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел зафира", управувано од Х.И.(62) од с.Врбјани и патничко моторно возило „фолксваген голф", управувано од Н.Б.(61) од с.Добри Дол, и двете со

гостиварски регистарски ознаки. По незгодата, Х.И. бил пренесен во Комплекс клиники ,,Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

Во текот на 28.10.2019 година на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **седум** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **15**возачи, од кои: **четири** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **10** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **еден** возач – почетник, кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **10** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **четири** возачи поради неправилно престројување, **еден** возач поради неправилно престигнување, **еден** возач на мотоцикл поради неносење заштитен шлем, **17** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **16** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се **11** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **57** мандатни платни налози, а **65** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 28.10.2019 во 14.30 часот било пријавено дека на ул.„Македонско-косовска бригада" Ш.З. (28) од Скопје, управувајќи мотоцикл „кавасаки", изгубил контрола и паднал. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, по што бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" Скопје, за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје.

На 28.10.2019 година во времето од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола со цел откривање на прекршоци сторени од страна на пешаци. Притоа, биле констатирани **18** прекршоци кои се соодветно санкционирани.

На 28.10.2019 во 09.30 часот било пријавено дека на ул.„7" во с.Долно Соње, скопско, трактор „масеј фергусон", со скопски регистарски ознаки, кој влечел приклучно возило – цистерна, без регистарски ознаки, управуван од И.Т.(62) од с.Долно Соње, скопско, излегол од коловозот и се превртел. Од здобиените повреди И.Т. починал на местото на несреќата. Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на семејството.

СВР Штип на 28.10.2019 во периодот од 08.00 до 14.00 часот спроведе засилена акциска контрола на прекршоци што ги прават пешаците. Од извршената контрола биле констатирани **21** прекршок, за кои се издадени соодветни поднесоци. Санкционирани се и **13** останати прекршоци.

На 28.10.2019 во 20.20 часот во Полициската станица Аеродром К.П.(21) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 28.10.2019 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го привеле И.А.(30) од Скопје, затоа што при претрес во неговиот дом во населбата Чаир, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2019 во 04.10 часот на Граничниот премин Делчево, на влез во Р.С.Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа-лична карта" и „употреба на исправа со невистинита содржина" бил приведен Ц.Т.(41) од Р.Романија, по што бил предаден во Полициската станица Делчево за понатамошна постапка.

На 28.10.2019 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на територијата на СВР Велес била спроведена акциска контрола на пешаци, кои прават прекршоци во сообраќајот. Притоа, биле откриени **25** прекршоци, од кои **осум**во Велес, **четири** во Кавадарци и **13** во Неготино. За сите прекршоци изречени се соодветни казни.

На 28.10.2019 во 08.35 часот на регионалниот пат Гостивар - с.Градец се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел зафира", управувано од Х.И.(62) од с.Врбјани и патничко моторно возило „фолксваген голф", управувано од Н.Б.(61) од с.Добри Дол, и двете со гостиварски регистарски ознаки. По незгодата, Х.И. бил пренесен во Комплекс клиники ,,Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

Во текот на 28.10.2019 година на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **седум** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **15**возачи, од кои: **четири** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **10** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **еден** возач – почетник, кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **10** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **четири** возачи поради неправилно престројување, **еден** возач поради неправилно престигнување, **еден** возач на мотоцикл поради неносење заштитен шлем, **17** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **16** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се **11** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **57** мандатни платни налози, а **65** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 28.10.2019 во 14.30 часот било пријавено дека на ул.„Македонско-косовска бригада" Ш.З.(28) од Скопје, управувајќи мотоцикл „кавасаки", изгубил контрола и паднал. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, по што бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" Скопје, за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје.

На 28.10.2019 година во времето од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола со цел откривање на прекршоци сторени од страна на пешаци. Притоа, биле констатирани **18** прекршоци кои се соодветно санкционирани.

На 28.10.2019 во 09.30 часот било пријавено дека на ул.„7" во с.Долно Соње, скопско, трактор „масеј фергусон", со скопски регистарски ознаки, кој влечел приклучно возило – цистерна, без регистарски ознаки, управуван од И.Т.(62) од с.Долно Соње, скопско, излегол од коловозот и се превртел. Од здобиените повреди И.Т. починал на местото на несреќата. Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на семејството.

СВР Штип на 28.10.2019 во периодот од 08.00 до 14.00 часот спроведе засилена акциска контрола на прекршоци што ги прават пешаците. Од извршената контрола биле констатирани **21** прекршок, за кои се издадени соодветни поднесоци. Санкционирани се и **13** останати прекршоци.

На 28.10.2019 во 20.20 часот во Полициската станица Аеродром К.П.(21) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.С. и Ј.С., двајцата од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари", во врска со кривично дело „соизвршителство". Во декември 2018 пријавените, од едно лице од Белград, Србија, набавиле 10 фалсификувани банкноти во апоени од по 500 евра (вкупно 5000 евра), по што во декември 2018/јануари 2019 година, во с.Добровница, Крива Паланка, во домот на Љ.П.(86), за исплата на претходно земен долг, на истиот му дале осум фалсификувани банкноти, во апоени од по 500 евра, нанесувајќи му штета од 246.000 денари.

На 28.10.2019 околу 11.30 часот на ул.„Аце Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со наредба го привеле Н.К.(42) од тетовското село Ѓермо, кој избегал од Казнено-поправната установа „Идризово". Н.К. е спроведен во КПУ„Идризово" на издржување на казната.

На 28.10.2019 во 09.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Казнено-поправна установа Идризово починал Е.И.(40) од с.Горно Оризари, велешко. Смртта ја констатирал лекар, а телото на починатиот било предадено на обдукција.

На подрачјето на СВР Тетово, на 28.10.2019 во периодот од 8 до 14 часот спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги чинат пешаци. Со контролата биле опфатени 36 пешаци (ТЕ-29 и ГВ-7 ), од кои 25 (ТЕ-18 и ГВ-7) ја минувале улицата надвор од пешачки премин, 8 (ТЕ) не ги почитувале светлосните сообраќајни знаци, а 1 (ТЕ) сторил друг вид прекршок. На сите прекршители изготвени им се прекршочни платни налози и покани за присуство на сообраќајна поука, додека на двајца изготвени им се писмени опомени.

На 28.10.2019 во 14.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 12.30 часот во средно училиште во Скопје ученик бил физички нападнат од тројца ученици од истото училиште. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2019 во 14.30 часот од локалниот пат с.Семениште - с.Бојане во Полициско одделение Сарај биле лишени од слобода Ш.Н.(60) и М.Н.(37) и двајцата од с.Бојане, поради напад на полициски службеници при вршење на службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против Ш.Н. и М.Н. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2019 во 22.00 часот во СВР Скопје, М.М.(36) од Скопје пријавила дека во 14.40 часот на ул.„Петре Георгиев" поради нарушени семејни односи била физички нападната од Т.Х. и А.Х. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2019 во 10.21 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул. „10" во с.Инџиково, сопственост на Ќ.Т.(64). Пожарот настанал поради невнимание при палење ќумбе од неговата мајка С.Т.(86). Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје.

Полициски службеници од СВР Битола на 28.10.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека тројца возачи управувале возило без возачка дозвола, три возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале тројца возачи, двајца возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило. За сите неправилности издадени се соодветни налози.
На 29.10.2019 околу 00.05 часот во с.Трубарево, скопско, во Полициска станица Гази Баба бил лишен од слобода М.С.(27) од с.Трубарево поради напад на полициски службеник пред угостителски објект во с.Трубарево. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.П.(23) од село Големо Коњари, Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.01.2019 во с.Големо Коњари, Прилеп, од полициски службеници бил извршен претрес во домот на пријавениот, при што од страна на неговата мајка бил предаден револвер, кој пријавениот го поседувал без дозвола.

На 28.10.2019 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.,,Панко Брашнаров'', настанал пожар во патничко моторно возило „хонда", сопственост на S.C.. Извршен е увид.

На 28.10.2019 во 19.10 часот на регионалниот пат Градско - Прилеп, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од В.К.(41) од Прилеп и патничко моторно возило „голф", со битолски регистарски ознаки, управувано од Ј.Б.(33) од Битола. По незгодата учесниците биле пренесени во Градска болница Прилеп, каде кај Ј.Б. биле констатирани тешки телсени повреди, додека кај В.К. и сопатниците Ј.П(22) од Д.Хисар, С.М(24) и А.С(32), двајцата од Битола и Б.Б(40)од Прилеп, биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 28.10.2019 година околу 13 часот било пријавено дека во кругот на средно училиште во Струга, група ученици го нарушиле јавниот ред и мир со физички напад врз соученик и врз С.Г., вработена во училиштето. Учесниците се повикани во полициска станица и се преземаат мерки за расветлување на настанот.

На 28.10.2019 во 17.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул. „Разлошка" во сопственост на Б.Ј.(74) од Скопје. Пожарот настанал од невнимание при палење на оган од Б.Ј., при што бил опожарен оџакот. Пожарот бил изгаснат од противпожарната единица од Скопје.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности", СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.П.(32) од Охрид и против правното лице „ЗОРПАЛЧЕ" ДООЕЛ Охрид. При извршен инспекциски надзор било утврдено дека во текот на 2019 година, пријавениот, во својство на одговорно лице во правното лице, зазел туѓа недвижност која со пропис е прогласена за имот во општа употреба и на катастарска парцела во охридското село Коњско, бесправно и спротивно на договорот за краткотраен закуп, изградил времен објект и поставил урбана опрема.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MVRMaced

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.asp tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)